СМРТ НА ФАШИЗМОТ - СЛОБОДА НА НАРОДОТ

# СЛУЖБЕН ЛИСТ

НА ФЕДЕРАТИВНАТА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

19016
"Trud" zemska automatska melnica
Skoplje
ul.87 br.31

„СЛУЖБЕН ЛИСТ" излегуе два пати неделно. — Ракописите не се враќаат. — Огласите по тарифата. — Чековна сметка № 62324. — Поштарина платена во готово.

Петок, 1 ноември 1946
БЕЛГРАД
БРОЈ 88 ГОД. II

Цена на овој број е 6.— дин. — Претплатата изнесуе 350.— дин. за полугодиште или 700.— дин. за цела 1946 година. — Редакција: Бранкова бр. 20. — Телефони Редакција 28-838, Администрација 22-819

**522.**

## УКАЗ

На основа членот 74 точ. 6 и членот 136 Уставот, Президиумот на Народната скупштина ФНРЈ го прогласуе Законот за потврда, измените и дополнуењата на Законот за застапуење учрежденијата, институциите, претпријатијата и организациите на јавен карактер од 3 август 1945 година, кој што на основа овластуењето од членот 136 Уставот го донеле законодавните одбори на Сојузното веќе и Веќето на народите на Народната скупштина ФНРЈ, а кој што гласи:

## ЗАКОН

### ЗА ПОТВРДА, ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУЕЊАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАСТАПУЕЊЕ УЧРЕЖДЕНИЈАТА, ИНСТИТУЦИИТЕ, ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЈАВЕН КАРАКТЕР

Законот за застапуење учрежденијата, институциите, претпријатијата и организациите на јавен карактер од 3 август 1945 година се потврдуе со измените наведени во овој закон, така да неговиот изменет и пречистен текст гласи:

## ЗАКОН

### за застапуење државата и јавните организации во имотно-правните односи пред судовите и управните органи

Член 1

Во имотно-правните односи пред судовите и управните органи застапуењето на Федеративна Народна Република Југославија, народните републики, автономната покраина, автономната област, народните одбори, народните скупштини, државните претпријатија, државните установи и јавните организации ке се врши по прописите на овој закон.

Член 2

Федеративната Народна Република Југославија и народната република ја застапуе оној член на Владата ФНРЈ односно на владата од народната република под чиј ресор спаѓа имотно-правниот однос по својата природа или по законскиот пропис, односно на чиј ресор припаѓа органот или службеникот кој што го засновал правото или обвезата за државата.

Член 3

Автономната покраина ја застапуе оној повереник на главниот извршни одбор на автономната покраина под чиј делокруг на работата спаѓа имотно-правниот однос по својата природа или по законскиот пропис, односно на чие повереништво припаѓа органот или службеникот кој што го засновал правото или обвезата за државата.

Член 4

Народната скупштина ФНРЈ и народната скупштина на народната република ја застапуат претседателот на Президиумот на Народната скупштина ФНРЈ, односно претседателот на президиумот на народната скупштина на народната република.

Член 5

Автономната област и народниот одбор го застапуат претседателот на обласниот извршни одбор, односно претседателот на извршниот одбор на народнит одбор, а во помалите места претседателот на народниот одбор.

Член 6

Државната установа која што има својство на правно лице ја застапуе лицето кое што по одредбите на нејзините правила или статути или со други прописи е означено како нејзин застапник.

Во недостаток на такви правила и прописи овие установи ке ги застапуе највисокото раководно лице.

Член 7

Во случај на наследуење или даруење во корист на државата, или во други случаи на преминуење во државна сопственост приватен имот или имот на кооперации и други друштвени организации, како и во постапката на конфискација, секвестрација, и ставање под управа имот кој што сопствениците морале да го напуштат во текот на окупацијата, државата ке ја застапуат раководачите на органите за народниот имот на надлежните народни одбори, раководачите на органите за народниот имот на претседателствата на владите на народните републики или Комисијата за народниот имот на Владата ФНРЈ.

Член 8

Државното претпријатие го застапуе директорот на претпријатието во границите на овластуењето кои што ги пропишуе административно-оперативниот раководач.

Член 9

Организацијата на јавен карактер ја застапуе лице кое што со одредбите на нејзините правила и статути или со други прописи е означено како нејзин застапник.

Во недостаток на такви одредби и прописи ваквата организација ја застапуе нејзиниот претседател односно највисокото раководно лице.

Член 10

Лицата означени како застапници на државата по овој закон мораат за заклучуење погодби за признавање тужбено барање или одречуење од истото да добијат претходна согласност:

а) членот на Владата ФНРЈ согласност од Владата ако вредноста на погодбата или тужбеното барање преминуе еден милион динари;

б) членот на владата на народната република согласност од владата на народната република ако вредноста на погодбата и тужбеното барање преминуе пет стотини иљади динари;

в) повереникот на главниот извршни одбор на автономната покраина согласност од својот извршни одбор ако вредноста на погодбата или тужбеното барање преминуе педесет иљади динари;

г) претседателите на обласниот извршни одбор, на извршниот одбор на обласниот народен одбор и извршниот одбор на окружниот народен одбор согласност од својот извршни одбор ако вредноста на погодбата или тужбеното барање преминуе дваесет иљади динари;

д) претседателот на извршниот одбор на околискиот (градскиот, реонскиот) народен одбор согласност од својот извршни одбор ако вредноста на погодбата или тужбеното барање преминуе десет иљади динари;

ѓ) претседателот на извршниот одбор на месниот народен одбор согласност од својот извршни одбор, а во помалите места претседателот на народниот одбор согласност од својот народен одбор, без оглед на вредноста на погодбата или тужбеното барање.

Член 11

Лицата овластени на застапуење државата по прописите на овој закон, се овластени да во име на државата одустанат од сомниви, ненаплативи и пропаднати побаруења и права за кои што не тече спор, како и такви кои што судски може да се реализираат со несразмерно големи трошкови.

Истите лица се овластени да ги признаат обвезите на државата и по нив да се погодуат.

Прописот на членот 10 од овој закон ке се применуе сходно во вакви случаи.

Член 12

Лицата означени како застапници на предните членови можат своето овластуење за застапуење по овој закон да го пренесат во поедини случаи на некој службеник од својот ресор, на член или службеник од своето повереништво, на народен одбор, односно на службеник од установа или претпријатие, или на некое друго лице.

Лицето на кое овластуењето за застапуење е пренесено ги има истите права како и она кое што по овој закон е овластено за заступуење.

Член 13

Во сите имотно-правни спорови што се затекле како несвршени на денот 3 август 1945 година државата ке ја застапуе Јавниот обвинител ФНРЈ. Тој може овластуењето за застапуење во поедин случај да го пренесе на лица кои што по овој закон би биле надлежни државата во таа правна ствар да ја застапуат.

Член 14

Лицата кои на денот на влегуењето во сила на овој закон ја застапуат државата во имотно-правните односи пред судовите и управните органи по Законот за застапуење учрежденијата, институциите, претпријатијата и организациите на јавен карактер од 3 август 1945 година, а не се овластени за застапуење по прописите на овој закон, ке го настават застапуењето се додека лицето овластено за застапуење по прописите на овој закон не ке го превземе застапуењето.

Член 15

Министерот на правосудието ФНРЈ ке дава потребни напатствија за извршуење на овој закон.

Член 16

Овој закон влегуе во сила осмиот ден по објавуењето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

У.бр. 583
30 октомври 1946 година
Белград

**Президиум на Народната скупштина**
**на Федеративна Народна Република Југославија**

Секретар,
**Миле Перуничич**, с. р.

Претседател,
др **Иван Рибар**, с. р.

---

**623.**

# У К А З

На основа членот 74 точка 6 и членот 136 Уставот, Президиумот на Народната скупштина ФНРЈ го прогласуе Законот за потврда и измени на Законот за ордените и медалите на Демократска Федеративна Југославија од 9 јуни 1945 година кој што на основа овластуењето од членот 136 Уставот го донеле законодавните одбори на Сојузното веќе и Веќето на народите на Народната скупштина ФНРЈ, а кој гласи:

# З А К О Н

## ЗА ПОТВРДА И ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРДЕНИТЕ И МЕДАЛИТЕ НА ДЕМОКРАТСКА ФЕДЕРАТИВНА ЈУГОСЛАВИЈА

Законот за ордените и медалите на Демократска Федеративна Југославија од 9 јуни 1945 година се потврдуе со измените наведени во овој закон, така да неговиот изменет и пречистен текст гласи:

# З А К О Н

## за ордените и медалите на Федеративна Народна Република Југославија

Член 1

Ордените и медалите на Федеративна Народна Република Југославија се одликовања, кои што се даваат во знак на признавање за особени заслуги учинети на народите на Југославија и на државата во војна и мир.

Член 2

Ордените и медалите ги доделуе Президиумот на Народната скупштина ФНРЈ, и тоа на граѓанските лица за невоени заслуги по предлог на Претседателот на Владата ФНРЈ или на претседателот на владата на народната република, а на воените лица по предлог на Врховниот командант на оружаните сили на ФНРЈ.

Во време на војна одликовањата за војнички заслуги, освен на „Народен херој" ги доделуе Врховниот командант на оружаните сили по овластуењето на Президиумот на Народната скупштина ФНРЈ.

Член 3

Ордени и медали на Федеративна Народна Република Југославија се:

1) Орден на народен херој;
2) Орден на слобода;
3) Орден на партизанска звезда I ред;
4) Орден на народното ослободуење;
5) Орден на заслуга за народ I ред;
6) Орден на братство и единство I ред;
7) Орден на партизанска звезда II ред;

8) Орден на заслуга за народ II ред;
9) Орден на братство и единство II ред;
10) Орден на партизанска звезда III ред;
11) Орден за храброст;
12) Орден на заслуга за народ III ред;
13) Медала за храброст;
14) Медала на заслуги за народ.

Член 4

Рангот на ордените и медалите се одредуе спрема редот означен во членот 3 на овој закон.

Член 5

Освен ордените и медалите, наведени во чл. 3 на овој закон, во Федеративна Народна Република Југославија се доделуе и Орден на трудот. Орденот на трудот им се доделуе на поединци, на групи работници и претпријатија како државно признавање за покажан работен хероизам, за научни и технички проналасци, како и за особено покажани лични или групни успеси во творечката работа на обновата и изградбата на новата држава.

Орденот на трудот има три реда:
1) Орден на трудот I ред;
2) Орден на трудот II ред;
3) Орден на трудот III ред.

Член 6

Секој орден и медала има свој статут кој што го пропишуе Президиумот на Народната скупштина ФНРЈ.

Овој статут содржи:

а) опис на ордените и медалите;

б) точно назначуење на одделни заслуги заради кои што се одликовањето доделуе;

в) повластици, доколку орденот односно медалата му дава на нив право на носителот или на неговата фамилија;

г) други одредби во врска со доделуењето и носењето на ордените односно медалите.

Член 7

Ордените и медалите можат да се доделуат на поедини лица, како и на воени единици, установи, претпријатија и други организации.

Член 8

Секој кој што е одликован со орден или медала на Федеративна Народна Република Југославија може да биде одликован со ист или со друг орден, односно медала, но во случај на повторно одликовање со ист орден овој не може да биде од понизок ред од оној кој што е веќе доделен.

Член 9

На одликованиот со орден или медала му се издава одделен декрет за одликовањето и орденска книшка.

Член 10

Лицата, установите, претпријатијата, воените единици и организациите одликовани со орден односно медала се должни да служат со пример во исполнуењето обвезите кои што им ги налагаат пропесите на Уставот и законите.

Член 11

Орденот односно медалата на одликованиот може да го одземе само Президиумот на Народната скупштина ФНРЈ со своја одлука. Причина за одземање одликовањето може да биде само судска кривична пресуда или постапка која што одликованиот го чинат недостоен да го носи одликовањето.

Член 12

На странски државјани им доделуе орден и медала Президиумот на Народната скупштина ФНРЈ, и тоа на граѓанските лица по предлог на Претседателот на Сојузната влада и на воените лица по предлог на Врховниот командант на оружаните сили на ФНРЈ. По овластуењето на Президиумот на Народната скупштина ФНРЈ може на странски воени лица да им доделуе одликовања и Врховниот командант на оружаните сили на ФНРЈ.

Член 13

Државјанин на ФНРЈ не може да прими нити да носи одликовање од странска држава без претходна дозвола на Сојузната влада.

Војник, подофицер, официр или војни воен инвалид на Југословенската армија не може да прими орден од странска држава без одобруење на Министерот на народната одбрана.

Член 14

На одликованиот кој што ќе го изгуби орденот или медалата ќе му се издаде на негово барање орден односно медала со наплата на двострука цена на коштањето.

Изгубениот орден односно медала одликованиот е должен претходно да го огласи го „Службениот лист ФНРЈ".

Член 15

Членовите на фамилијата на умрено или загинато одликовано лице немаат право да ги носат неговите ордени и медали.

Член 16

Лица одликовани со орден или медала на Федеративна Народна Република Југославија кои што ќе бидат осудени на казна присилна работа без лишуење од слобода, на лишуење од слобода или лишуење од слобода со присилна работа не можат да го носат орденот или медалата за време издржуењето на казната.

Лица осудени на губиток политички и поедини граѓански права губат право на носење ордени и медали додека оваа казна трае, а во случај на траен губиток на тие права орденот односно медалата му се одзема заедно со декретот и орденската книшка.

Член 17

Во цел на водење точна евиденција на одликованите се установуе при Президиумот на Народната скупштина ФНРЈ Канцеларија на ордени.

На чело на Канцеларијата на ордени стои шеф. Него го поставуе Президиумот на Народната скупштина ФНРЈ по предлог на Претседателот на Сојузната влада.

Член 18

Канцеларијата на ордени ги подмируе своите расходи од буџетот на Президиумот на Народната скупштина ФНРЈ.

Член 19

Кој бесправно носи орден или медала ќе се казни парично до 3.000.— динари или со присилна работа без лишуење од слобода до три месеци, а во потешки случаи со лишуење од слобода до една година.

За судење по дело од претходниот став се надлежни околиските судови.

Член 20

Со денот на влегуењето во сила на овој закон престануе да важи Законот за уведуење Орден на работа од 1 мај 1945 година.

Член 21

Овој закон влегуе во сила осмиот ден по објавуењето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

У. бр. 581
30 октомври 1946 година
Белград

**Президиум на Народната скупштина на Федеративна Народна Република Југославија**

Секретар, Претседател,
**Миле Перуничич**, с. р. **др. Иван Рибар**, с. р.

## 624.

### УКАЗ

На основа членот 74 точ. 6 и членот 136 Уставот, Президиумот на Народната скупштина ФНРЈ го прогласуе Законот за потврда, измените и дополнуењата на Законот за демобилизација постарите годишта на обвезниците, жените и хранителите во Југословенската армија и морнарица од 19 јули 1945 година, кој што на основа овластуењето од членот 136 Уставот го донеле законодавните одбори на Сојузното веќе и Веќето на народите на Народна скупштина ФНРЈ, а кој што гласи:

### ЗАКОН

### ЗА ПОТВРДА, ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУЕЊАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ДЕМОБИЛИЗАЦИЈА ПОСТАРИТЕ ГОДИШТА НА ОБВЕЗНИЦИ, ЖЕНИ И ХРАНИТЕЛИ ВО ЈУГОСЛОВЕНСКАТА АРМИЈА И МОРНАРИЦА

Законот за демобилизација постарите годишта на обвезниците, жените и хранителите во Југословенската армија и морнарица од 19 јули 1945 година се потврдуе со измените и дополнуењата наведени во овој закон, така да неговиот изменет и пречистен текст гласи:

### ЗАКОН

### за демобилизација постарите годишта на обвезници и жени во Југословенската армија

Член 1

Од Југословенската армија имаат да се отпуштат до денот 20 септември 1945 година:

а) сите обвезници родени 1909 година и почетари;

б) сите жени што не се на должност на офицери, подофицери, политички раководачи, во санитет и сл. и кои не сакаат понатаму да служат во Армијата.

Од одредбите под а) и б) се исклучуат:

раководачи, специјалисти, кои што во Југословенската армија се неопходно потребни, и лица кои сакаат да останат во Југословенската армија а се оценети да би можеле корисно да се употребат за извесна воена должност.

Овие исклучуења важат како за мажи така и за жени.

Член 2

На сите демобилизирани државата ке им осигура:

а) бесплатен превоз со железница и пароброд, со постоеќите државни автобуски линии за нивното одење во своите куќи; во оваа цел можат да се употребат и воено-државни возила, каде што приликите тоа дозволуат;

б) храна за време на превозот, а на оние чии фамилии се во тешка состојба или фамилиите и куќите им се уништени уште и за пет дена по довогјањето во местото на определуење;

в) исправни алишта и обувки.

Член 3

На демобилизираните ке им се исплатат:

а) на офицерите што влегле во Југословенската армија 1941 година и 1942 година при демобилизацијата ке им се исплати сума во износ на четворострукu месечни принадлежности на последната положба што ја завземале во Југословенската армија. На офицерите што влегле во Југословенската армија 1943 година ке им се исплати сума во износ на трострукu месечни принадлежности, а кои влегле 1944 година до заклучно 15 септември, сума во износ на двоструки месечни принадлежности на последната положба која ја завземале во Југословенската армија.

б) На подофицерите што се навогјаат во Југословенската армија од 1941 и 1942 година ке им се исплати при демобилизацијата динари 10.000, на подофицерите од 1943 година динари 5.000, а на подофицерите што влегле во Армијата до заклучно 15 септември 1944 година динари 2.500. На борците што се навогјаат во Југословенската армија од 1941 и 1942 година при демобилизацијата ке им се исплати динари 8.000, на борците од 1943 година динари 3.000, а на борците што влегле во Армијата до заклучно 15 септември 1944 година динари 1.500.

в) На борците, подофицерите и офицерите што влегле во Армијата после 15 септември 1944 година на име патен трошок ке им се исплати динари 500, а на оние што влегле 1945 година на име патен трошок динари 250.

г) Правото на користење оваа помоќ го немаат оние офицери кои што од војската се демобилизираат на барање од државните установи, заради преземање одредени функции во државниот апарат, кои им се веќе унапред обезбедени.

Време и начин за исплата на овие принадлежности е пропишан со Правилникот за извршуење Законот за демобилизација на постарите годишта на обвезници, жени и хранители во Југословенската армија и морнарица од 4 август 1945 година.

Член 4

Одредбата на ст. 1 чл. 3 од овој закон не се однесуе на случаи кои се регулирани пред 30 октомври 1945 година.

Член 5

Државните органи се должни да им создадат на демобилизираните возможност за работа најдалеку во срок од два месеца од денот на довогјањето во местото на пребивалиштето, земајќи го во оглед и искуството и специалноста што ја задобиле во Југословенската армија.

Демобилизираните мораат да бидат осигурени и со жилишни простории.

Член 6

Државните органи се должни на демобилизираните од областите што страдале за време фашиската окупација и чии се куќи уништени да им дадат бесплатно дрво за правење и поправка на жилишните објекти, доколку со дрвото не располагаат сами.

Во краиштата каде нема дрво, на демобилизираните мора да им се стави на располагање друг соодветен материјал.

Член 7

Државните органи се должни на демобилизираните што служеле во НОВ и ПОЈ и во Југословенската армија, а кои тоа ке побараат, да им овозможат населуење во краишта предвидени за колонизација, доделуеќи им земја, згради и најпотребен инвентар.

Првенството припагја на инвалидите и на оние кои што подолго време служеле во Армијата.

Член 8

Државните органи во областите што страдале од фашиската окупација се должни да им овозможат на демобилизираните да добијат зајмови за правење и подигање куќи во сума до 10.000 динари со срок на исплата за 5—10 години.

Под лица кои што можат да го користат правото на зајмови во смисла од предниот став се разбираат и борци, подофицери и офицери кои што се демобилизирани од НОВ, ПОЈ и Југословенската армија во текот на 1944 година како и во времето од 1 јануари

до 1 мај 1945 година, така да тие во поглед на тоа право се изедначуат со лицата кои се демобилизирани после 1 мај 1945 година во смисла чл. 4 Законот за демобилизација најмладите годишта и вторага партија на постарите годишта на обвезници, хранители и сите жени од Југословенската армија и морнарица од 26 октомври 1945 година.

Лицата од предниот став се должни при барањето зајмови со молба, пропишана со чл. 4 Правилникот за давање зајмови сходно чл. 8 Законот за демобилизација постарите годишта на обвезници, жени и хранители во Југословенската армија од 21 септември 1945 година, да приложат соодветни документи од воените команди за нивното отпуштање од НОВ, ПОЈ или Југословенската армија (објави, уверења и сл.). Ако со такви документи не располагаат, ке приложат со молбата уверење од месниот народен одбор заверено од околискиот народен одбор, во кое ке се потврди колку време дотичниот служел во војската како и тоа да е отпуштен од војската по наредба на одговорните раководачи. Наместо ова уверење заинтересираните можат кон својата молба да приложат и писмени изјави од две лица на служба во Југословенската армија, од кои што едно мора да биде офицер, во која ке се потврдат подаците пропишани за уверење.

Со зајмовите од ст. 1 на овој член, како и со останатите повластици од овој закон можат да се користат и лица кои што од Југословенската армија во текот на народно-ослободителната борба биле превземени во народната милиција. На ова немаат право оние лица кои што во народната милиција влегле во намера да ја избегнат службата во оперативните единици.

Краен срок за подигање зајмови од ст. 1 на овој член е три месеца од денот на објавувењето на Законот во „Службениот лист ФНРЈ". Во исклучителни, нарочно оправдани случаи, можат овие зајмови да се одобруат и после овој срок со претходна согласност на Министерот на финансиите ФНРЈ. За лица кои ке бидат демобилизирани после влегувењето во сила на овој закон краен срок за подигање зајмови од ст. 1 на овој член е три месеца по демобилизацијата.

Член 9

Поблиски одредби за спроведување на овој закон се пропишани со Правилникот за извршување Законот за демобилизација постарите годишта на обвезници, жени и хранители во Југословенската армија и морнарица од 4 август 1945 година и Правилникот за давање зајмови сходно чл. 8 Законот за демобилизација постарите годишта на обвезници, жени и хранители во Југословенската армија и морнарица од 21 септември 1945 година.

Министерот на народната одбрана ФНРЈ во согласност со Министерот на финансиите ФНРЈ и претседателот на Комисијата за аграрна реформа и колонизација, може заради спроведување на овој закон да изврши потребни измени и дополнуења во правилниците од ст. 1 на овој член.

Член 10

Овој закон влегува во сила со денот на објавувењето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

У. бр. 584
30 октомври 1946 година
Белград

**Президиум на Народната скупштина на Федеративна Народна Република Југославија**

Секретар, **Миле Перуничич**, с. р.

Претседател, др **Иван Рибар**, с. р.

## 625.

### УКАЗ

На основа членот 74 точ. 6 и членот 136 Уставот, Президиумот на Народната скупштина ФНРЈ го прогласуе Законот за потврда, измени и дополнуењата на Законот за демобилизација најмладите годишта и вторага партија на постарите годишта на обвезници, хранители и сите жени од Југословенската армија и морнарица од 26 октомври 1945 година, кој што на основа овластувењето од членот 136 Уставот го донеле законодавните одбори на Сојузното векје и Векјето на народите на Народната скупштина ФНРЈ, а кој гласи:

### ЗАКОН

### ЗА ПОТВРДА, ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУЕЊАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ДЕМОБИЛИЗАЦИЈА НА НАЈМЛАДИТЕ ГОДИШТА И ВТОРАТА ПАРТИЈА НА ПОСТАРИТЕ ГОДИШТА НА ОБВЕЗНИЦИ, ХРАНИТЕЛИ И СИТЕ ЖЕНИ ОД ЈУГОСЛОВЕНСКАТА АРМИЈА И МОРНАРИЦА

Законот за демобилизација најмладите годишта и вторага партија на постарите годишта на обвезници, хранители и сите жени од Југословенската армија и морнарица од 26 октомври 1945 година се потврдуе со измените и дополнуењата наведени во овој закон, така да неговиот изменет и пречистен текст гласи:

### ЗАКОН

### за демобилизација најмладите годишта и вторага партија на постарите годишта на обвезници и жени од Југословенската армија

Член 1

Од Југословенската армија има да се отпуштат:

Во време од 30 октомври 1945 година па до 15 ноември 1945 година:

1) сите борци родени 1928 година и помлади;

2) подофицери и офицери родени 1928 година и помлади, воколку се ученици на средни и на нив рамни школа, а сакаат да бидат отпуштени поради продолжување школуењето.

На лицата под 1) и 2) им се засметуе времето проведено во Југословенската армија во време на служењето обвезниот воен срок, кој е предвиден со Законот за воената обвеза на државјаните ФНРЈ, со тоа, да разликата, воколку постои ја дослужат кога ке биде регрутуено нивното годиште.

Во време од 15 ноември до 31 декември 1945 година:

1) сите борци и подофицери родени 1919 година и постари;

2) сите жени кои што не се на должност на офицери, подофицери, политички раководачи, во санитет и сл. и кои не сакаат и натаму да служат во армијата.

3) оние офицери, чието демобилизирање го дозволуат потребите на службата.

Член 2

Од одредбите на чл. 1 се исклучуат:

а) специјалисти (машки и жени), кои се во Југословенската армија неопходно потребни, со тоа, да се оние, кои служеле во Југословенската армија две години и повекје, преведат во работници со соодветна плата;

б) лица (машки и женски) кои сакаат да останат во Југословенската армија а оценети се да имаат услови за корисно вршење извесни воени должности;

в) сите лица, кои се на служба во Корпусот на народната одбрана на Југославија.

Член 3

На демобилизираните по овој закон има во се да се применат одредбите на чл. 2, 3, 5, 6, 7 и 8 Законот за потврда, измени и дополнуењата на Законот за демобилизација постарите годишта на обвезници и жени во Југословенската армија.

Член 4

Одредбите на чл. 2, 3, 5, 6, 7 и 8 Законот за потврда, измени и дополнуењата на Законот за демобилизација постарите годишта на обвезници и жени во Југословенската армија има да се применат на подолу наведените обвезници борци и раководачи, без оглед на години на старост, кои се отпуштат од Југословенската армија и тоа:

а) времено и постојано неспособни за воена служба

б) странски државјани, кои се репатрираат во нивната татковина;

в) лица отпуштени по наредбите на Министерството на народната одбрана како неопходни стручњаци за обновуење земјата.

Одредбите на овој член се однесуат и на лица означени под а), б) и в) на овој член кои се отпуштени од Југословенската армија во време од 1 мај 1945 година до објавуењето на овој закон.

Член 5

Одредбите на чл. 2 до 8 на Законот за демобилизација постарите годишта на обвезници и жени во Југословенската армија има да се применат и на борците, подофицерите и раководачите кои што стапиле во Народно-ослободителната војска, Партизанските одреди на Југославија и Југословенската армија во текот на 1941, 1942, 1943, 1944 година и до 9 мај 1945 година заклучно, а кои што се демобилизирани од Југословенската армија после 31 декември 1945 година до објавуењето на овој закон, како и оние кои што ке бидат демобилизирани кога ке го отслужат срокот во сталниот кадар на Југословенската армија.

Член 6

Поблиски одредби за спроведуењето на овој закон ке пропише Министерот на народната одбрана.

Член 7

Овој закон влегуе во сила осмиот ден по објавуењето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

У.бр. 585
30 октомври 1946 година
Белград

**Президиум на Народната Скупштина**
**на Федеративна Народна Република Југославија**

Секретар, Претседател,
**Миле Перуничич**, с. р. др **И. Рибар**, с. р.

## 626.

### УКАЗ

Претседателството на Президиумот на Народната скупштина на Федеративна Народна Република Југославија на основа членот 74 точка 1 Уставот

решава

свикуењето на Народната скупштина на Федеративна Народна Република Југославија закажано за 15 ноември 1946 година да се одложи за 2 декември 1946 година.

У. бр. 564
28 октомври 1946 година
Белград

**Претседателство на Президиумот на Народната скупштина на Федеративна Народна Република Југославија**

За секретар, Претседател,
**Бане Андрејев**, с. р. др **Иван Рибар**, с. р.

## 627.

На основа чл. 74, ст. 1, точ. 5 Уставот, а во цел за правилна примена на Законот, Президиумот на Народната скупштина ФНРЈ дава

### ОБВЕЗНО ТОЛКУЕЊЕ

### НА ЧЛ. 15 ЗАКОНОТ ЗА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПРОТИВ НАРОДОТ И ДРЖАВАТА („СЛУЖБЕН ЛИСТ ФНРЈ" БР. 59/46)

Срокот од 8 дена за поднесуење жалба по чл. 15 на овој закон почнуе да тече од денот на објавуењето на пресудата.

28 октомври 1946 година
Белград

**Президиум на Народната скупштина**
**на Федеративна Народна Република Југославија**

За секретар, Претседател,
**Бане Андрејев**, с. р. др **Иван Рибар**, с. р.

## 628.

На основа чл. 74, ст. 1, точ. 5 Уставот, а во цел за правилна примена на Законот, Президиумот на Народната скупштина ФНРЈ дава

### ОБВЕЗНО ТОЛКУЕЊЕ

### НА ЧЛ. 11 ЗАКОНОТ ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ЦРВЕН КРСТ („СЛУЖБЕН ЛИСТ ФНРЈ" БР. 59/46)

Наплатата од динари 0,50 на сите писма, дописници, телеграми и другите поштански испратки која што за време годишната „Недела на Црвениот крст" се врши во корист на Југословенскиот Црвен крст, не се однесуе во внатрешниот сообракјај на списанија и весници, а на мегјународниот сообракјај воопште не се однесуе.

28 октомври 1946 година
Белград

**Президиум на Народната скупштина**
**на Федеративна Народна Република Југославија**

За секретар, Претседател,
**Бане Андрејев**, с. р. др **Иван Рибар**, с. р.

## 629.

На основа чл. 1 Законот за овластуење Владата ФНРЈ за донесуење уредби по прашањата од народното стопанство, Владата ФНРЈ по предлог на Министерот на трговијата и снабдуењето ФНРЈ, донесуе

### УРЕДБА

### ЗА ПРЕРАБОТУЕЊЕ МАСЛИНКИ И ОТКУП НА МАСЛИНОВО УЉЕ ОД РОД 1946 ГОДИНА

Член 1

За да би се овогодишниот род на маслинки потполно и правилно искористил за прехрана жителството, сите производуачи на маслинки се должни сиот принос на маслинките да го преработат во уље.

СЛУЖБЕН ЛИСТ
НА ФЕДЕРАТИВНАТА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

# ОГЛАСНИ ДЕО

## ПОЗИВ НА ПРЕТПЛАТА ЗА 1947 ГОДИНА

Годишната претплата на „Службениот лист ФНРЈ" за 1947 година изнесуе 550.— динари ако целиот износ се полага одеднаш во текот на првото полугодиште. Ако претплата се полага, полугодишно, тогај за секое полугодиште изнесуе 300.— динари.

Претплата на „Службените соопштења на Сојузниот уред за цени" за 1947 година изнесуе 250.— динари. Ако претплатата се полага само за едно полугодиште, тогај за секое полугодиште изнесуе 130.— динари.

Молиме претплатата за 1947 година да ни ја испратите НАЈДОЦНА ДО 31 ДЕКЕМВРИ 1946 ГОДИНА, оти со 1 јануари 1947 година ке се запре испракјањето на сите кои што до тој срок не ке положат претплата. Доколку е ова невозможно од буџетски разлози, треба да се јави на Администрацијата на „Службениот лист ФНРЈ" колку примерци во идната година и на кој народен јазик се сака да се прима, тоа ест, за колку примерци е обезбеден кредит во буџетот и да се даде обвеза од установата оти потребниот износ на име претплата ке биде измирен до крајот на месец јануари 1947 година. На сите државни установи и народни одбори листот ке се испракја од 1 јануари 1947 година откога ке се прими претплатата или ке се добие ова обавестуење.

Молиме, кога ни пишуете, да се повикате на К-број што стои на адресата на примерокот на „Службениот лист" што го примате. На грбот на чековната или поштанската уплатница треба секојпат да се назначи точна адреса (последна пошта, околија), К-број што го носи досегашната адреса на „Службениот лист", како и зошто парите ги испракјате.

Редакцијата
на „Службениот лист ФНРЈ"

## НОВ ЗАКОН НА ТАКСИТЕ

Во изданьето на Редакцијата на „Службениот лист ФНРЈ" како свеска 20 на Збирката на закони излезе второто издание на Законот за таксите со правилник за неговото извршуење и значен коментар на Министерството на финансиите ФНРЈ. Во оваа книшка која што е печатена на сите четири народни јазици е дадена целокупната пречистена материја од областа на нашето ново законодавство за таксите. За да би се допринело на поарно разбирање и на правилно применуење на законските одредби Министерството на финансиите ФНРЈ даде свој службен коментар на Законот за таксите и на правилникот за неговото извршуење. Цената е 12 динари.

## ОСНОВЕН ЗАКОН ЗА КООПЕРАЦИИТЕ

Во изданьето на Редакцијата на „Службениот лист ФНРЈ" како свеска 54 на Збирката на законите излезе од штампа Основниот закон за кооперациите со предговор на др. Михаило Вучкович, секретарот на Комисијата за кооператорството при Владата ФНРЈ. Книгата е печатена на сите четири народни јазици и кошта 5.— динари.

## ЗАКОН ЗА ОПШТОДРЖАВЕН СТОПАНСКИ ПЛАН И ЗАКОН ЗА СТОПАНСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Во изданьето на Редакцијата на „Службениот лист ФНРЈ" излегоа во свеската 55 на Збирката на законите Законот за општодржавниот стопански план и за државните органи за планирање и Законот за државните стопански претпријатија. Во книгата се објавени говорите и експозеите на Министерот Андрија Хебранг и на Борис Кидрич кои што ги дале пред Народната скупштина. Книгата излезе на српски, хрватски и македонски народен јазик и кошта 15.— динари.

## ЗБИРКА НА ДЕВИЗНИ ПРОПИСИ

Во изданьето на Редакцијата на „Службениот лист" излегоа како 53 свеска на Збирката на законите Девизни прописи ФНРЈ. Збирката ги обзакја сите досегашни издадени девизни прописи кои што се во важност. Коментарот и практичните напатствија ги изработиле инж. Славко Ѓукович и др. Вјекослав Мајкснер. На збирката и се додадени и сите обрасци кои што се пропишани за увозниците и извозниците во сообракјајот со Министерството на надворешната трговија и неговите претставништва. Штампана е само со латиница. Цена е 60.— динари.

## ЗАКОН ЗА УРЕДУЕЊЕ НАРОДНИТЕ СУДОВИ

Во изданьето на Редакцијата на „Службениот лист ФНРЈ" излезе овие денови од штампа второто издање свеската 20 на Збирката на законите Законот за уредуење народните судови со објаснуења во Редакцијата на Министерството на правосудието ФНРЈ. Оваа книшка многу корисно ке им послужи на сите народни судии, на судиите поротници, адвокатите и студентите на правните науки. Книгата има 7 штампани табаци и излезе на сите четири народни јазици. Цена е 12 динари.

*

**Сите издања на „Службениот лист ФНРЈ" може да се добиат преку Редакцијата, Брankова 20, [illegible] Народната Република Хрватска во сите подружници на Издавачкото претпријатие „Напријед", во Народната Република Словенија во сите подружници на „Словенскиот книжни завод", во народните републики Македонија и Црна Гора во сите книжарници на „Култура", а во народните републики Србија и Босна и Херцеговина во државните, фронтовските и сите други поголеми книжарници**

## КОМПЛЕТИ ОД 1945 И 1946 ГОДИНА

Редакцијата располага со поголем број на комплети на „Службениот лист ФНРЈ" на сите четири народни јазици за II полугодиште на 1945 година и за целата 1946 година. Исто така има на лагер извесен број листови од бројот 22 од 1945 година кои што може да се користат за пополнуење комплети. Цената на комплетите за II полугодиште на 1945 година е 350.— динари, а целата 1946 година 700.— динари.

Покрај тоа Редакцијата располага и со регистри по материјата и хронолошки регистер за 1945 година и за I полугодиште за 1946 година. Цената на азбучниот регистер за 1945 година е 12.— динари, за хронолошкиот регистер за I полугодиште за 1945 година динари 8.—, за второто полугодиште на 1945 година динари 9.— и за I полугодиште на 1946 година динари 6.—.

# СЛУЖБЕНЕ ОБЈАВЕ

## BANK FÜR KÄRNTEN, CENTRALA V CELOVCU, PODRUŽNICA V KRANJU V LIKVIDACIJI

Z odločbo ministrstva za finance FLRJ VII štev. 17337 z dne 5. oktobra 1946 je odrejena likvidacija Bank für Kärnten, podružnice v Kranju in kot likvidacijski organ je postavljen Denarni zavod Slovenije—Centrala Narodne banke FLRJ za ljudsko republiko Slovenijo.

S tem se pozivajo vsi dolžniki in upniki Bank für Kärnten, podružnice v Kranju, da v smislu 7. člena Pravilnika o postopku pri likvidaciji zasebnih kreditnih podjetij prijavijo svoje terjatve oziroma dolgove.

Upniki in dolžniki Bank für Kärnten, podružnice v Kranju imajo pravico, da se v roku meseca dni od dne te objave prepričajo o točnem knjiženju njihovih terjatev oziroma dolgov. Po preteku tega roka veljajo knjiženja za verodostojna.

Za Bank für Kärnten podružnico v Kranju:

Denarni zavod Slovenije —

Centrala Narodne banke FLRJ za Ljudsko republiko Slovenijo.

Ljubljana, 18. oktobra 1946.

K. 4017 1-1

# ДРУЖЕСТВА И ЗБОРОВИ

## BRODARSKO AKCIONARSKO DRUŠTVO »OCEANIA«

Brodarsko akcionarsko društvo »Oceania« — Beograd sa poslovnom direkcijom na Sušaku, na osnovu čl. 15 Zakona o akcionarskim društvima, objavljuje da su na sednici Upravnog odbora, održanoj u Sušaku 19 septembra 1946 godine imenovani u smislu odredaba čl. 13 društvenih pravila, za nove članove Upravnog odbora: Slavko Pezelj, pomorski kapetan iz Sušaka, Ljubomir Smokvina, privatni nameštenik iz Sušaka i Ante Donatov, privatni nameštenik iz Splita.

Na posebnoj sednici Upravnog odbora, održanoj 19 septembra 1946 godine, imenovani su Slavko Pezelj za generalnog direktora, Ljubomir Smokvina za pomoćnika generalnog direktora, Ante Donatov za komercijalnog direktora, Jovan Ranković za administrativnog direktora i Mate Blažević za prokuristu društva.

Svi imenovani poslali su ovome sudu svoje potpise, i to: Slavko Pezelj, član Upravnog odbora i generalni direktor u punomoćstvu potvrdenom kod Kotarskog suda u Sušaku pod Ov. br. 452/46; Ljubomir Smokvina, član Upravnog odbora i pomoćnik generalnog direktora u punomoćstvu potvrdenom kod istog suda pod Ov. br. 453/46; Jovan Ranković, administrativni direktor u punomoćstvu potvrdenom kod istog suda pod Ov. br. 454/46; Mate Blažević, prokurista u ponomoćstvu potvrdenom kod istog suda pod Ov. br. 455/46 i Donatov Ante, član Upravnog odbora i komercijalni direktor u punomoćstvu potvrdenom kod Kotar. suda u Splitu pod Ov. br. 1644/46, te će isti zajedno sa, na glavnom izvanrednom zboru akcionara društva od 29 aprila 1946 godine izabranim članovima Upravnog odbora: Kovačević Stjepanom, Radivović Dr. Milosavom, Huber Antunom, Ranković Jovanom, Stefanović Mih. Milanom i Svrljuga Dr. Radovanom, čija su prava potpisivanja objavljena oglasom potvrdenim kod Okružnog suda za grad Beograd pod br. Fi—229/46 od 23 maja 1946 godine i prokuristom Tambača Dr. Ladislavom, čije je pravo potpisivanja objavljeno oglasom potvrdenim kod Okružnog suda za grad Beograd, pod Posl. br. 5823-0-36/45 od 17 septembra 1945 godine potpisivati i zaduživati društvenuu firmu u saglasnosti sa društvenim pravilima.

Istovremeno se objavljuje da su odlukom Upravnog odbora donesenom na sednici od 19 septembra 1946 godine prestali biti i da se dosledno tome brišu iz registra: Marko Lučić-Roki, kao generalni direktor i Božidar Švrljuga kao direktor društva, koji su time izgubili svako pravo potpisivanja u ime društva.

7 oktobra 1946 godine

Beograd

Brodarsko akcionarsko društvo
»Oceania«
Punomoćnik
Jovan Prendić, advokat
po punomoćstvu potvrđenom kod Kotarskog suda u Sušaku 1 oktobra 1946 godine Ov. br. 491/46.

Okružni sud za grad Beograd pod br. Fi 561/46 od 14 oktobra 1946 godine, potvrdio je po naplati takse iz T. br. 19, 30, 37 i 41 Zakona o sudskim taksama izmene u Upravnom odboru i direkciji Brodarskog akcionarskog društva »Oceania«.

Fi. br. 531/46. — Od Okružnog suda za grad Beograd, 14 oktobra 1946 godine. 3282 1-1

## ЈАДРАНСКО ПОДУНАВСКА БАНКА У БЕОГРАДУ

Позива акционаре на ванредни збор акционара, који ће се одржати у недељу **3 новембра 1946 године** у 9 часова пре подне у банчиној згради у Београду, Краља Милана улици бр. 11 са следећим дневним редом:

1) предлог Управног одбора за спајање банке са Београдском задругом а. д., Београдском трговачком банком а. д. и Извозном банком а. д.;

2) решавање о правилима нове банке;

3) избор два претставника за састав и потпис закључних рачуна за 30 новембар 1946 године и за утврђивање чисте имовине банке;

